# Паркот те помни

111 песни од една декада
(2010 – 2020)

Владимир Мартиновски

БИБЛИОТЕКА – **Поетите од Наше маало**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот
**Владимир Мартиновски, ПАРКОТ ТЕ ПОМНИ**

**© Владимир Мартиновски, 2023**
**© Бегемот, 2023**

Лектура
**Ирена Ралева**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забранието е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# Паркот те помни

111 песни од една декада
(2010 – 2020)

ВЛАДИМИР МАРТИНОВСКИ

Скопје, 2023

# I. СРЕДБИ СО ТЕБЕ

## ПРЕОБРАЗБИ

Кога те нема се претворам за час во сончоглед
без сонце,
во книга без букви, во дом без врати, во дожд
без капки,
во контрабас без жици, во тротинет без предно
колце,
во часовник без стрелки, во стих без антички
стапки,

во чоколадо без какао, во главен град без булевар,
во жирафа без врат, во оркестар без диригент,
во кондор без перја, во улица без тротоар,
во скулптура без глава и без постамент.

Кога те нема станувам орев без јатка,
пчела без ронка мед или себичен
штурец без виолина в рака.

А кога сум со тебе сум обичен
човек кој знае да крие вешто
дека порано бил сѐ и сешто.

## РЕКОРДИ

Во Олимписка
година соборив барем
седум рекорди:

1. Средба со меца:
точакот за миг стана
тркачки мотор.

2. Средба со змија:
скок во вис до првиот
кумулонимбус.

3. Средба со лажго:
лет до најдалечната
скришна вистина.

4. Трка со време:
бркање триесет
крајни рокови.

5. Борба со себе:
пет нокаути на его
        во прва рунда.

6. Средба со бебе:
нуркачки спринт до
        вистинското јас.

7. Средба со тебе:
пулс што никој жив не може
        да го измери!

## НОВИ СОЅВЕЗДИЈА

### 1.

Првиот дел од ноќта ни помина
во составување нови соѕвездија

Кога на небото видов „Заспана ластовица“
поита да составиш соѕвездие „Перница“

Кога го препозна соѕвездието „Криво лале“
собрав две-три ѕвезди за негова потпирка

Кога го видов соѕвездието „Јагули“
ми рече дека целото небо е океан

Кога го виде соѕвездието „101 бисер“
ти шепнав: галаксиите се како школки

Кога видовме нови ѕвездени јата им
баравме брзо небесни дрвца за починка

**2.**

И кога успеавме конечно да ги вдомиме
сите ѕвезди, комети, метеори и соѕвездија

решивме дека вториот дел од ноќта
и ние можеме да одиме на заслужен одмор

**3.**

Утрото почна како секое утро: се погледнавме
како да не знаеме ништо за новите соѕвездија